**МАКЕДОНСКИ РЕВИЗОРСКИ ЦЕНТАР ДОО СКОПЈЕ**

**Број 05-73**
**Скопје, 24 Мај 2004 година**

# ИЗВЕШТАЈ НА РЕВИЗОРИТЕ

**ДО**
**КОМИСИЈАТА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

На Ваше барање, извршивме ревизија на финансиските извештаи за годината која завршува на 31. Декември 2003 година на Комисијата за хартии од вредност (во понатамошниот текст "Комисијата"). Под финансиски извештаи се подразбираат: билансот на состојба, билансот на успех, извештајот за паричните текови, извештајот за промени на капиталот и резервите и образложенијата кон финансиските извештаи.

Финансиските извештаи, заедно со образложенијата кон финансиските извештаи, прикажани на страниците 2 до 17, се одговорност на менаџментот на Комисијата. Одговорност на ревизијата е да даде мислење за истите.

Финансиските извештаи на Комисијата за годината која завршува на 31. Декември 2002 година, не биле предмет на ревизија од наша страна, или пак од страна на друг ревизор, ниту за нив е издаден извештај со кој се дава било каква потврда за истите.

Ревизијата ја спроведовме во согласност со Меѓународните Стандарди на Ревизија. Овие стандарди бараат да ја планираме и подготвиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од погрешни материјални прикази. Ревизијата вклучува испитувања врз база на тестирање докази со кои ќе се поткрепат износите и прикажат во финансиските извештаи. Ревизијата исто така опфаќа проценување на користените сметководствени принципи и значајни проценки направени од страна на менаџментот како и давање на општа оценка на презентацијата на финансиските извештаи. Веруваме дека нашата ревизија ни обезбедува разумна основа за искажаното мислење.

Според наше мислење, финансиските извештаи даваат вистинска и објективна слика на финансиската состојба на Комисијата за хартии од вредност на ден 31. Декември 2003 година, и на резултатите од работењето, паричните текови и промените на капиталот и резервите за годината која завршува на тој ден, во согласност со Меѓународните Стандарди за Финансиско Известување.

| **Овластен ревизор** | **Директор** |
|---|---|
| Гоце Христов | Антонио Велјанов |

*Друштво за ревизорски, сметководствени, финансиски и консалтинг услуги*
*Македонски Ревизорски Центар ДОО - Скопје*
*Мито Хаџивасилев Јасмин 20, 1000 Скопје, Република Македонија;*
*Тел./Факс: ++389 02 32 14 706; 32 14 707*